Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за труд
и социјална политика
Ministria e Punës
dhe Politikës Sociale
Бр. - Nr 03-1485/1
08.02.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 03-1485/1
08-02-2023 20 год.-vit/e.

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19) , а во врска со член 10 од Одлуката за начинот на користење и одржување на службени возила бр.40—8391/1 од 07.09.2021 година, донесена од Владата на РСМ („Службен весник на РСМ" бр.214/21), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШЕН РЕД И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА бр. 03-7023/1 од 29.09.2017 година и бр.03-6662/1 од 06.10.2021 година

Член 1

Во Правилникот за внатрешен ред и функционирање на Министерството за труд и социјална политика бр. 03-7023/1 од 29.09.2017 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешен ред и функционирање на Министерството за труд и социјална политика бр.03-6662/1 од 06.10.2021 година, во членот 28, се додаваат два нови став 13 и 14 и гласат:

“По исклучок, а во недостиг на службени возила, вработените во Министерството за труд и социјална политика, можат за службени потреби да користат приватно возило, за кое секој вработен треба да располага со уреден патен налог, потпишан од министерот за труд и социјална политика или друго овластено лице од министерот.

При користењето на приватното возило, за службени потреби, сопственикот на возилото, користи нафта и нафтени деривати, за кои обезбедува средства од благајната на Министерството за труд и социјална политика, во висина на повратен автобуски билет од местото на поаѓање, до крајната цел и назад, а потоа истите ги оправдува со уредни и веродостојни сметководствени документи во оригинал, ги

приложува во еден примерок од патниот налог и фискалните сметки од патарините и се раздолжува кај Секторот за финансиски прашања”.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на огласната табла во министерството и органите во состав, останатиот дел од Правилникот за внатрешен ред и функционирање на Министерството за труд и социјална политика бр. 03-7023/1 од 29.09.2017 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешен ред и функционирање на Министерството за труд и социјална политика бр.03-6662/1 од 06.10.2021 година, останува непроменет.

Бр. 03-1485/1

08-02-2023 година

МИНИСТЕР,
Јованка Тренчевска

Изработил: Љ.Панова